# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ
## на ЈП „ Погребални услуги “ - Свети Николе за 2019 година

26.12 01/02 - 194/5 112

Јавното претпријатие Погребални услуги Свети Николе, е основано од Советот на Општина Свети Николе во 2007 година со основна дејност управување со гробишта, уредување и одржување на гробиштата односно управител на градските гробишта во Свети Николе, дејност која досега успешно ја извршува.

Освен редовните активности за управување со Градските гробишта ЈППУ Св.Николе своите активности во 2019 година ке ги насочи кон:

-Склучување на договори за трансформација на статусот на старо гробно место со доделување на употреба на гробно место како лична службеност со сите граѓани кои доставиле податоци за гробно место, и прибирање на податоци од граѓаните кои немаат доставено податоци со цел завршување на евиденцијата за гробни места во Градските гробишта Св.Николе.

-Хортикултурно уредување на гробиштата кои се со површина од околу 3 ха: редовно косење на тревата, посдување цвеке, посадување на дрвореди.

-Редовно чистење на постојните стази и патеки (зимно време отстранување на снегот) за движење на граѓаните.

-Поставување на клупи за седење покрај пешачките патеки, дрвореди и околу капелата како и редовно одржување на постојните.

-Партерно и хортикултурно уредување околу капелата, кујната и црквата.

-Поправка на постојните и изработка на нови чешми за вода.

-Изградба и реконструкција на пешачки патеки од бетон и бекатон за непречен пристап до секое гробно поле и парцела.

-Бетонирање на гробни оквири како и резервни дупли и поединечни гробни оквири.

-Редовно чистење на каналите за одведување на атмосферските и подземните води за да се спречи поплавување на гробиштата како и изработка на елаборат за одводнување на гробиштата.

-Поставување на нови и замена на оштетени канти за смет.

-Изградба на ВЦ кабини или поставување на монтажни кабини во градските гробишта.

-Проширување на уличното осветлување со нови сијалични места во новиот дел.

-Активности за проширување на градските гробишта во Свети Николе.

-Уредување и оградување на селски гробишта во поголемите селски населби каде има можност за истото.

-Набавка на 2 грбни косачки за редовно и брзо косење на тревните површини во гробиштата како во градот така и во селата како и отворените одводни канали.

Работата на претпријатието ке биде транспарентна за сите граѓани и корисници, и средствата од гробната такса ке се употребуваат во согласност со нивната намена.

Ке се вложи максимален напор за зголемување на процентот на наплата на побарувањата преку кампањи, огласи, соопштенија и др.

Ке се организираат средби со граѓаните, претставници на најразлични организации како Месни заедници и здруженија на пензионери, инвалиди, борци и сл. се со цел подобрување на услугите како и зголемување на наплатата на сметките кои се испорачуваат на граѓаните.

Подетално планираните активности во 2019 година се прикажани преку следната табела:

| Ред.бр | Опис на активноста | Мера | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Склучување на договори за носители на гробни места | | |
| 2 | Одржување на постојните зелени површини | м2 | 30,000 |
| 3 | Одржување на јавна чистота во градските гробишта | м2 | 30.000 |
| 4 | Поставување на нови клупи | Бр | 10 |
| 5 | Уредување на плато од капија до црква | м2 | 1000 |
| 6 | Изведба на водоводни линии за нови чешми | М | 200 |
| 7 | Реконструкција и изведба на нови чешми | Бр | 3 |
| 8 | Изработка на ограда | М | 350 |
| 9 | Реконструкција и изведба на пешачки патеки | м2 | 300 |
| 10 | Бетонирање на гробни оквири | Бр | 60 |
| 11 | Чистење и одржување на отворен одводен канал | М | 250 |
| 12 | Проширување на уличното осветлување со нови бандери | Бр | 6 |
| 13 | Поставување на канти за отпадоци | Бр | 20 |
| 14 | Изградба на ВЦ кабини | Бр | 2 |

Средствата потребни за реализирање на планираната програма за работа и развој на ЈППУ Св.Николе ке се обезбедат од:

1. Надоместок за гробна такса.
2. Од градежни услуги и надомест за гробно место.
3. Од такса за користење на инфраструктура.

Динамиката на реализацијата на горепредвидената програма за работа и развој на ЈП ,,Погребални услуги '' Свети Николе за 2019 година ке се одвива во зависност од приливот на средствата по горенаведените основи.

Свети Николе
24.12.2018 година

ЈП Погребални услуги
Свети Николе
Директор